ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

**ДО: Сите заинтересирани страни**

Наш бр.02-10446/5-1

Датум: 29.11.2016 година

**Предмет:**
**Известување за измена и дополнување на Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода)**

**Почитувани,**

Ве известуваме дека Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп на ден 29.11.2016 година изврши измена на постојните Општи услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода).

Во конкретниот сучај извршени се измени и дополнувања на член 14 и член 15 од Условите.

Во член 14 од предметните, услови со наслов "**Утврдување на правата на осигуреникот**" се менува ставот 3, и по извршените измени истиот гласи:

- Конечниот процент на инвалидитетот го определува осигурувачот според табелата за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода), која е прилог кон Дополнителните услови за соодветна група на осигуреници (во натамошниот текст: табела), а кај индивидуалните осигурувања од незгода според табелата за определување на процент на траен инвалидитет за индивидуално осигурување од незгода. Доколку некое телесно оштетување не е предвидено во табелата, процентот на инвалидитет се определува во согласност со слични оштетувања што се предвидени во табелата. Индивидуалната способност, социјалната положба или занимање (професионална способност) на осигуреникот не се земаат предвид при определувањето на процентот на инвалидитетот.

Во член 15 од предметните  услови, со наслов "**Исплата на осигурена сума**" се менува ставот 8, и по извршените измени истиот гласи:

- Ако несреќниот случај има за последица привремена неспособност за работа на осигуреникот, а во договорот за осигурување е предвидена за во тој случај исплата на дневен надомест, осигурувачот му ги исплатува на осигуреникот овој надомест во договорената висина од денот означен во полисата, а доколку тој ден не е определен, од првиот ден што следува по денот кога е започнато лекувањето кај лекарот или кај здравствената установа, до последниот ден на траењето на работната неспособност, односно до денот на смрта или утврдувањето на инвалидитетот, но најмногу за 200 дена. Бројот на деновите за кои се исплатува деневен надомест за определен вид повреда се утврдува врз основа на лекарската потврда - извештај од членот 14 став 8 од овие Услови, но најмногудо бројот на деновите определени за тој вид повреди во табелата на дневен надомест, која е прилог кон дополнителните услови за соодветна група осигуреници, освен за индивидуално осигурување од незгода каде се применува табелата за дневен надомест за индивидуално осигурување од незгода. Ако работната неспособност е продолжена од кои било здравствени причини, осигурувачот е должен да исплати

дневен надомест само за времетраењето на боледувањето предизвикано исклучиво од несреќниот случај, без разлика дали боледувањето било со полно или со скратено работно време.

Останатите одредби од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај незгода останувaат непроменети..

Измената и дополнувањето се применува од 05.12.2016 година.

Срдечен поздрав,
**Акционерско друштво за осигурување и реосигурување**
**МАКЕДОНИЈА а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп**

УПРАВЕН ОДБОР